**20192443811**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

Врз основа на член 8 став (2) од Законот за електронско управување и електронски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) министерот за информатичко општество и администрација донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРОВЕРКА НА ИДЕНТИТЕТОТ НА КОРИСНИКОТ ПРИ ПОДНЕСУВАЊЕТО НА БАРАЊЕТО ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ СО КОРИСТЕЊЕ НА ЕДИНСТВЕНАТА ОКОЛИНА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на проверка на идентитетот на корисникот (во натамошниот текст: физичките лица) при поднесување на барањето по електронски пат со користење на единствената околина.

Член 2

Систем за единствена најава е електронски систем преку кој се овозможува автентикација на физичките лица за најава на електронски системи (во натамошниот текст: СЕН).

Под регистрација на корисник во СЕН се подразбира создавање на кориснички профил за конкретно физичко лице со употреба на корисничко име и лозинка.

Корисничкото име и лозинката на корисникот се основно нематеријално средство за електронска идентификација што се користи за проверка на неговиот идентитет при најава на СЕН.

Под извор на кој може да му се верува се подразбира Управата за јавни приходи и регистриран издавач на електронски потписи согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис, кој извршил интеграција со СЕН.

Член 3

Под Единствен електронски број на граѓанинот (во натамошниот текст: ЕЕБГ) се подразбира низа од десет цифри во електронска форма.

ЕЕБГ се создава преку употреба на логички поврзани процеси во Централниот регистар на население (во натамошниот текст: Регистарот) во моментот на потврда на идентитетот на физичкото лице при негова регистрација во СЕН на еден од начините определени согласно член 5 на овој правилник.

Член 4

Проверката на идентитетот на физичкото лице при регистрација во СЕН се спроведува на начин што се врши проверка на исполнетост на определените услови за едно од нивоата на сигурност при регистрација и тоа:

- основно ниво на сигурност при регистрација или
- високо ниво на сигурност при регистрација.

По завршувањето на проверката на идентитетот на физичкото лице и проверката на едно од нивоата на сигурност при регистрација од став 1 на овој член, идентитетот на корисникот се потврдува во моментот на негова регистрација во СЕН.

Член 5

Проверката на идентитетот на физичкото лице при регистрацијата во СЕН се врши на еден од следните начини:

- со лично присуство во Една точка за услуги преку посредникот за административни услуги по електронски пат (во натамошниот текст: посредникот) или со вработено лице во друг субјект, заради регистрација во СЕН,
- преку базата на даночни обврзници-физички лица на Управата за јавни приходи за кои од страна на Управата е извршена проверка и потврда на поврзаноста на физичкото лице со корисничкото име и лозинка или
- со употреба на валиден квалификуван сертификат за електронски потпис.

По завршувањето на проверката на идентитетот на физичкото лице и проверката на едно од нивоата на сигурност при регистрација од член 4 став 1 од овој правилник, СЕН на физичкото лице му издава автоматски генерирана потврда во електронска форма за поврзаност на неговото ЕЕБГ и електронска адреса со корисничкиот профил.

Член 6

При проверка на идентитетот во Една точка за услуги преку посредник за административни услуги по електронски пат физичкото лице приложува валиден документ за лична идентификација и потпишува изјава за согласност за регистрација во СЕН.

Изјавата за согласност за регистрација во СЕН од ставот 1 на овој член е дадена во прилог на овој правилник.

По проверка на идентитетот на физичкото лице и доколку се исполнети нивоата на сигурност при регистрација, физичкото лице се регистрира во СЕН.

Откако посредникот ќе ја спроведе регистрацијата во СЕН, на физичкото лице му дава информација во писмена форма по електронски пат за неговото корисничко име и привремена лозинка чие времетраење на валидноста е 24 часа.

Привремената лозинката од ставот 4 од овој член се доделува со употреба на логички поврзани процеси и физичкото лице треба истата да ја смени при првата најава на СЕН, доколку најавата се случи најдоцна за 24 часа од доделување на привремената лозинка.

Доколку физичкото лице не изврши најава во СЕН најдоцна за 24 часа од доделување на привремената лозинка, нема да се изврши регистрацијата, а процесот на регистрација започнува од почеток доколку тоа го побара физичкото лице.

Проверката и потврдата на идентитетот на корисникот при регистрација во СЕН спроведена на начин определен со овој член е на основно ниво на сигурност при регистрација.

Член 7

Проверката на идентитетот на физичко лице при регистрација во СЕН преку базата на даночни обврзници-физички лица на Управата за јавни приходи за кои од страна на Управата е извршена проверка и потврда на поврзаноста на физичкото лице со корисничкото име и лозинка се врши непосредно пред креирањето на корисничкиот профил на Порталот.

Проверката во базата на даночни обврзници-физички лица се врши само ако физичкото лице одобри користење на неговите лични податоци содржани во базата на даночни обврзници-физички лица на Управата за јавни приходи.

По потврдувањето на идентитетот на физичкото лице од Управата за јавни приходи, корисникот добива автоматски генерирана потврда во електронска форма за поврзаност на неговиот ЕЕБГ и електронска адреса со корисничкиот профил.

По извршената проверка на идентитетот на физичкото лице согласно овој член, за истото се создава кориснички профил на СЕН.

Проверката и потврдата на идентитетот на корисникот при регистрација во СЕН спроведена на начин определен со овој член е на основно ниво на сигурност при регистрација.

Член 8

Проверката на идентитетот на корисникот со употреба на валиден квалификуван сертификат за електронски потпис се врши на начин што корисникот ја иницира проверката на својот идентитет преку проверка на податоците содржани во квалификуваниот сертификат за електронски потпис и податоците за тој сертификат што ги чува издавачот на квалификуваниот сертификат за електронски потпис.

Со потврдата на неговиот идентитет со употреба на квалификуван сертификат за електронски потпис, корисникот добива и автоматски генерирана потврда во електронска форма за поврзаност на неговиот ЕЕБГ и електронска адреса со корисничкиот профил.

Проверката и потврдата на идентитетот на корисникот при регистрација во СЕН спроведена на начин определен со овој член е на високо ниво на сигурност при регистрација.

Член 9

Корисникот се најавува во СЕН преку својот кориснички профил со употреба на корисничкото име и лозинката.

При најавата преку својот кориснички профил, СЕН спроведува проверка на идентитетот на физичко лице на тој начин што ја проверува поврзаноста на корисничкото име и лозинката и корисничкиот профил со ЕЕБГ.

По завршувањето на потврдата на идентитетот на физичко лице при најава во СЕН, а доколку податоците од став 1 на овој член се поврзани со корисникот, СЕН обезбедува пристап до корисничкиот профил.

Член 10

Потврдата на идентитетот на корисникот при поднесување на барање по електронски пат се спроведува на начин што се врши проверка на едно од нивоата на сигурност при најава и тоа:

- основно ниво на сигурност при најава или
- високо ниво на сигурност при најава.

Нивото на потврда на идентитетот на корисникот при најава во СЕН е соодветно на нивото на регистрација на физичкото лице во СЕН.

Член 11

Начинот на потврда на идентитетот на корисникот при најава во СЕН при поднесување на барање по електронски пат на основно ниво се врши преку проверка на поврзаноста на корисничкото име и лозинката и корисничкиот профил на физичкото лице со ЕЕБГ.

Член 12

Начинот на потврда на идентитетот на корисникот на високо ниво при најава во СЕН заради поднесување на барање по електронски пат се врши преку проверка на еден од следните услови:

- дали со сигурност е утврдено дека преземените чекори за проверка на идентитет упатуваат на истото физичко лице или
- дали му е издаден важечки сертификат за електронски потпис од страна на овластен издавач на електронски потписи.

Член 13

Физичките лица кои се регистрирани на СЕН, се смета дека извршиле регистрација и во Порталот.

Одредбите од членовите 9, 10, 11 и 12 се применуваат и за проверка на идентиетот на корисниците при најава на Порталот.

По исклучок на ставовите 1 и 2 на овој член, а заради користење на електронски услуги кои не бараат потврда на идентитет на корисник, физичките лица може да се регистрираат и најават на Порталот со кориснички профил кој не е поврзан со ЕЕБГ.

Член 14

Проверката на идентитетот на корисникот при поднесување на барање преку Порталот се врши во моментот на проверка на исполнетост на определените услови за едно од нивоата на сигурност при најава.

Во зависност од нивото на сигурност на потврдата на идентиетот на корисникот при најава, корисникот може да поднесе барање преку Порталот единствено за услугите што се обезбедуваат на истото ниво на кое е спроведена потврдата на идентитетот.

Доколку корисникот е најавен на Порталот на повисокото ниво, истиот може да поднесе барање преку Порталот и за услугите од пониското ниво.

Член 15

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08/1-4474/4
22 ноември 2019 година
Скопје

Министер за информатичко
општество и администрација,
**Дамјан Манчевски,** с.р.

# ИЗЈАВА

## за согласност за регистрација во Системот за единствена најава (СЕН)

Јас, долупотшишаниот/ата ______________________________________________ од ________________________________________ со адреса на живеење ___________________________________________ и ЕМБГ _____________________ изјавувам дека сум согласен/на посредникот за административни услуги по електронски пат во мое име и за моја сметка да изврши регистрација во системот на единствена најава (СЕН) преку Националниот портал за електронски услуги кој го води Министерството за информатичко општество и администрација.

Потврдувам дека податоците кои ги давам на посредникот за административни услуги по електронски пат се точни и целосни.

Согласен/на сум моите лични податоци за бидат употребени и обработени, односно искористени во процесот на регистрација на СЕН.

________________

________________ година.

**Посредник,** _______________________

**Физичко лице,** _______________________